# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Службен гласник на Општина Велес | Број 8 Година LX |
|---|---|
| Излегува по потреба | 25 јуни 2025 година |
| www.veles.gov.mk | opve@veles.gov.mk |


**Бр.220**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување)**

Се објавува Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување), што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/1
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/24 и 7/25) и член 5 став 1 алинеја 3 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година во висина на 35.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Бране Марковски за лекување.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/2
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.221**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода)**

Се објавува Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода), што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/2
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ (Службен гласник бр.15/24 и 7/25) и член 5 став 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година во висина на 30.000,00 денари, на име еднократна парична помош на Маја Цветковска за надомест на материјална штета од удар на гром.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/3
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.222**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз**

Се објавува Одлуката за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз, што Советот на Општина Велес ја донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/3
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25 и 17/25), член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 5 став 1 точка 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), член 41-а став 8 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр. 2/18 и 20/18),

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на учениците, од местото на живеење/престојување до училиште и обратно за релација за која нема обезбедено линиски превоз.

**Член 2**

Висината на износот на бесплатниот превоз на учениците, од местото на живеење/престојување до училиштето и обратно, за релација за која нема обезбедено линиски превоз, се определува на следниот начин:

-**зона 1** до 15 км во еден правец максималната цена за превезен ученик изнесува до 12,5 денари за километар без пресметан ДДВ
-**зона 2** над 15км до 30 км во еден правец-максималната цена за превезен ученик изнесува до 10 денари за километар без пресметан ДДВ
-**зона 3** над 30 км во еден правец максималната цена за превезен ученик изнесува 7,5 денари за километар без пресметан ДДВ.

Доколку во возилото се превезува само еден ученик цената на превозот се множи со коефициент 1,5.

**Член 3**

Висината на износот на бесплатниот превоз за учениците со попреченост и лицата за нивна придружба, од местото на живеење/престојување до училиштето и обратно, за релација за која нема обезбедено линиски превоз, се определува на следниот начин:

-**зона 1**(до 15км - 160 денари максимална цена) по ученик со лице за придружба без пресметан ДДВ

-**зона 2** (над 15км до 30 км-128 денари максимална цена) по ученик со лице за придружба без пресметан ДДВ

-**зона 3** (над 30км -96 денари максимална цена) по ученик со лице за придружба без пресметан ДДВ.

**Член 4**

Во случај цената на горивото од денот на влегување во сила на оваа одлука се промени (намали/зголеми) за 20%, Советот на Општина Велес задолжително ќе донесе корегирани цени на превозот согласно настанатата промена.

**Член 5**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр.25-2545/1 од 02.05.2025 година за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на учениците за релација с.Клуковец - с.Бузалково - с.Клуковец (преку с.Сливник) за која нема обезбедено линиски превоз („Службен гласник на Општина Велес“ бр.6/25).

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/4
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.223**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор)**

Се објавува Одлуката за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор), што Советот на Општина Велес ја донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/4
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09 18/10, 15/14,15/18,06/09 и 08/21),

Советот на Општината Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор)**

**Член 1**

Не се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка поднесен од страна Градоначалникот на Општина Градско со бр.25-2815/1 од 19.05.2025 година утврден со Одлука бр.08-225/9 од 15.05.2025 година за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесена од страна на Советот на Општина Градско.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/5
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.224**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес**

Се објавува Правилникот за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/5
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 89 и член 90 став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21) и Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/20), по предлог на Градоначалникот Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес (во натамошниот текст - Општината) во својство на контролор и тоа: вршење надзор на Општина Велес преку Одделението за информатичка технологија во својство на контролор, утврдување на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење видеонадзор, рок и начин на чување на записите од видеонадзорот и начин на бришење на видеозаписите, како и права и обврски на овластените лица што имаат пристап до системот за вршење видеонадзор.

Обработката на личните податоци се врши врз основа на претходно изготвена Методологија за спроведување на процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци од страна на контролорот.

## II. ЦЕЛИ НА ВИДЕОНАДЗОРОТ

**Член 2**

Цел на видеонадзорот на подрачјето на Општината е обезбедување заштита на имотот и имотните права на Општината и добрата во општа употреба во согласност со изготвената анализа и тоа:

- Заштита на урбаната опрема (автобуски постојки, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи, канти за отпадоци и други во согласност со законите);
- Заштита на инфраструктурните објекти (улици, плоштади и други инфраструктурни објекти во надлежност на Општината);
- Заштита на сообраќајните знаци и семафори и другата вертикална и хоризонтална сигнализација;
- Заштита на уличното осветлување и
- Броење и евиденција на возилата за статистички мерења.

## III. Начин на работа на Мониторинг центарот

**Член 3**

Мониторинг центарот ќе биде сместен во просториите на Општина Велес, при што ќе има назначено одговорно лице (офицер) за заштита на личните податоци. Офицерот е овластено лице за координирање и контрола на техничките и организациските мерки што ќе се применуваат за тајност и заштита на обработката на личните податоци што има целосна контрола на системот.

Покрај одговорното лице, пристап и увид до личните податоци има и администраторот на системот за видеонадзор во Општината.

Администраторот на системот за видеонадзорот е лице вработено во Општина Велес, овластено со посебен акт за администратор на видеонадзорот, а по потреба може да овласти и друго лице за пристап до снимените материјали од видеонадзорот и за пристап до централната компјутерска единица за видеонадзор.

Администраторот на видеонадзорот има пристап до видеонадзорот, го одржува системот за видеонадзор, има пристап до снимените материјали и пристап до централната комјутерска единица за вршење на видеонадзорот.

Овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење видеонадзор и изјава за приватност при вршење на видеонадзор кои се составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот во кој се чуваат.

Снимките од видеонадзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот наведен во став 1 на овој член ако со друг закон е предвиден подолг рок во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци, но не подолго до исполнување на целта.

**Член 5**

На сите локации каде што е поставен видеонадзор на видно место, се истакнува известување дека се врши видеонадзор од страна на Општината.

Известувањето мора да биде јасно, видливо и истакнато на начин што им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео надзорот.

Известувањето ги содржи следните информации:

- дека се врши видео надзор,
- за името/називот на контролорот кој го врши видео надзорот и
- за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**Член 6**

Прегледување на снимен материјал се врши врз основа на поднесено писмено барање во Архивата на Општина Велес во кое се наведуваат причината и законската основа поради која се бара увид во снимениот материјал, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Прегледувањето на видеоматеријалот се врши во централната компјутерска единица – Мониторинг центарот од администраторот и овластеното лице од член 3 став 3 од овој Правилник.

**Член 7**

Преку системот за видеонадзор на подрачјето на Општината ќе се обработуваат следните категории на лични податоци и тоа:

- Физички и физиолошки изглед на лицата што повремено влегуваат во фокусот на камерите што се поставени;
- Моторни и друг вид на возила, како и регистарски таблички на возилата во Општината.

Технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку видеонадзорот.

**Член 8**

Системот ќе се изведе на ИП – базирано решение, односно секоја камера, во зависност од локацијата, ќе биде поврзана со бежична/оптичка врска директно во Мониторинг центарот.

**Член 9**

Графичката поставеност на системот за видеонадзор, локациите, мапата на кои ќе се врши видеонадзорот и аголот на поставеност на камерите и каде ќе биде поставен системот за видеонадзор се утврдува со посебен план кој претставува составен дел на овој правилник.

**Член 10**

Општината преку Одделението за информатичка технологија ќе ги обезбедува следниве технички мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење видеонадзор на подрачјето на Општината и тоа:

- Сопствено корисничко име и лозинка за лицата од член 3 на овој правилник;
- Промена на лозинките на три месеци;
- Одржувачот на системот ќе има обврска еднаш месечно да прави проверка за безбедноста на системот и ќе пополнува извештај што е составен дел од документацијата за вршење на видеонадзор на подрачјето на Општината и
- Firewall решение за заштита на нелегален пристап или проток на податоци.

**Член 11**

Општината преку Одделението за информатичка технологија ќе ги обезбедува следниве организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење видеонадзор на подрачјето на Општината:

- Систем за автоматизиран пристап само на овластени лица;
- Систем за логирање на сите влегувања и излегувања;
- Мерки за физичка сигурност на сервер просторијата каде што се врши видеонадзорот на подрачјето на Општината (24-часовно физичко обезбедување, блиндирана врата, механички заштитени прозорци);
- Почитување на техничките упатства за користење, инсталирање и одржување на опремата за вршење видеонадзор.

**Член 12**

Општината преку Одделението за информатичка технологија ќе води до пристапот и увидот во обработените податоци преку системот за вршење видеонадзор, при што евиденцијата ги содржи следните податоци и тоа:

- Реден број;
- Име и презиме на овластено лице;
- Време на пристап во ситемот на видеонадзор;
- Датум и час на направена копија до која се пристапува и
- Датум, време, назив и седиште на кое му е дадена снимката од видеонадзорот.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 13**

Средствата за обезбедување на опремата за видеонадзор, одржувањето на системот за видеонадзор и сите трошоци предизвикани од спроведување на видеонадзорот, се предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/6
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.225**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/6
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на Општина Велес со бр.08-3289/1 од 17.06.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/7
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.226**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/7
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев “ Велес**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес со бр.01-142/1 од 28.05.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/8
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.227**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**

Се објавува Решението за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/8
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 97 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес за 2026 година**

1. По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес за 2026 година со бр. 25-2397/35 од 22.04.2025 („Службен гласник на Општина Велес” бр.5/25), направена е техничка грешка во точка 1 и текстот: „03-196/2 од 10.04.2025 година“ се заменува со текстот: „01-190/1 од 02.04.2025 година“.
2. Оваа исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.
3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/9
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.228**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/9
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Изменет Годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“, Велес**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на Изменет Годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“, Велес со бр.01-198/2 од 12.06.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/10
25.06.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.229**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај –елаборат за проценета штета од природна непогода –измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај –елаборат за проценета штета од природна непогода –измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година.

Број 08-3398/10
25.06.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 146, став 2 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), а согласно единствената Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија“ бр.181/21) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден 25.06.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода-измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес го усвои Извештајот- елаборат за проценета штета од природна непогода-измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес

2. Елаборатот за проценка на штета, да се достави до сите надлежни органи за постапување по истиот.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3397/11
25.06.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.230**

**Правилник за користење и одржување на службени моторни и електрични возила**

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08-5500/1
18.06.2025 година
Велес

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 30 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за користење и одржување на**
**службени моторни и електрични возила**

**Член 1**

Со овој Правилник се одредува начинот на користење и одржување на службените моторни и електричните возила (автомобили, моторцикл, електричен тротинет и електрични велосипеди-во понатамошниот текст службени возила) во Општина Велес.

**Член 2**

Право на користење на службно возило за извршување службени работи има: Градоначалникот, секретарот, претседателот на Совет, член на Совет, раководител на сектор, раководител на одделение, овластени инспектори и вработени во општинската администрација.

**Член 3**

Со службените моторните возила можат да управуваат само вработени во Општина Велес.

Со службеното возило кое го користи Градоначалникот, управува возачот на на Градоначалникот или друг вработен определен од страна на Градоначалникот.

По потреба, во неработно време и неработни денови, по сопствена проценка, за потребите на Општина Велес службеното возило може да се користи и управува од страна на Градоначалникот.

**Член 4**

Возачот на Градоначалникот е должен да се грижи за исправноста и хигиената на возилото.

Во времето кога Градоначалникот е отсутен, возачот на Градоначалникот може да се ангажира за превоз на други корисници и за потребите на Општината.

**Член 5**

Административниот службеник за извршување на работните обврски, има право на користење на службено возило.

**Член 6**

Административниот службеник на кој му е одобрено користење на службено возило, истото не смее да го користи за приватни цели, вклучувајќи превезување на лица кои не се вработени во општинската администрација, ниту пак ќе го дава на користење на лица кои не се вработени во Општина Велес.

**Член 7**

Службените возила се користат за извршување службени работи на територијата на Република Северна Македонија, како и за службени патувања во странство.

За користење на службено возило на подрачјето на Општина Велес и надвор од територијата на Општина Велес одобрува Секретарот на општината, Раководител на сектор или Раководител на одделение со претходно даден патен налог.

**Член 8**

Службените возила можат да се користат и за превоз на вредносни пратки и материјали што треба да се доставаат до јавните претпријатија и јавните служби основани од општината, како и до други правни и физички лица кои се однесуваат директно на работата на Градоначалникот, Советот на Општина Велес и општинската администрација.

**Член 9**

Доколку на едно службено патување на иста службена задача и во исто место патуваат четири лица, тогаш користат едно службено возило, а ако патуваат повеќе од четири лица, можат да се употребат и повеќе службени возила, во зависност од времето и местото на службеното патување.

Доколку со службеното возило управува вработено лице од општинската администрација, тогаш бројот на лицата кои патуваат на едно службено паување на иста службена задача и во исто време, се зголемува за едно лице.

Кога службените возила ќе се користат за службени патувања/обуки/семинари надвор од територија на Општина Велес, а на кои учествуваат вработени во општинската администрација со положен возачки испит, истите управуваат со службените возила доколку вработеното лице на работно место возач е отсутно или спречено да управува со службеното возило.

За периодот додека трае настанот, службеното возило останува на местото на одржување на настанот и се користи само за службени цели. За возилото се одговорни лицата кои го користат.

Согласност за користење и задржување на службеното возило на местото на одржување на настанот дава Градоначалникот или Секретарот на Општината.

**Член 10**

Потребите за користење службени возила се најавуваат од вработениот до раководителот во зависност од работните задачи кои треба да ги изврши и за истото одобрува Раководителот на одделението/сектор или Секретар.

Во исклучителни случаи, поради итност, потребите за користење на службено возило може да се најават и по електронски пат (телефон или маил), за кое одобрува Раководителот на одделението/сектор или Секретар.

**Член 11**

За користење и одржување на службените возила се грижат раководителите на одделенијата на кои им се распоредени возилата.

За распоредување на возилата по одделенија за тоа кое возило, тип, марка, и регистрација ќе биде распоредено кај раководител ќе биде изготвена посебна спецификација, составен дел на овој Правилник.

**Член 12**

Раководителот лично или преку лице кое тој ќе го определи е должен секој работен ден, пред или со започнувањето на работното време да ја провери исправноста на возилото, дали се води уредна евиденција за километражата во евидентниот лист оформен за возилото.

Раководителот се грижи за редовното полнење на гориво во автомобилот, во соработка со одговорното лице кое има депонирано потпис пред избраната фирма за полнење на гориво.

До избраната фирма за полнење на гориво се доставува список на лица кои се овластени за редовно полнење на гориво.

**Член 13**

Задолжените лица со возилата се должни да се грижат за надворешната и внатрешната хигиена во возилата, за исправноста на возилата и за тековната потрошувачка на гориво и при тоа да дадат месечен извештај до секретарот на општината.

**Член 14**

Доколку при користењето на службеното возило настане било какво оштетување, вработениот кој управувал со службеното возило мора веднаш да го пријави оштетувањето кај Раководителот на одделението/сектор или Секретар.

Оштетувањето на возилото задолжително се пријавува, вообичаено на писмен начин во вид на пријава или по исклучок усно (на телефон или емаил) доколку така налагаат условите (неработно време, празници, отсуство на одговорното лице и сл.)

**Член 15**

Сите корисници на возилата се должни домаќински да се однесуваат кон возилото и за секоја настаната промена или штета веднаш да поднесат писмен извештај до Раководителот на одделението или секторот.

Секој кој користи службено возило е должен да се евидентира во евидентниот лист кој се наоѓа во возилото или со регистрација на картица на системот кој е инсталиран во возилата.

Еднаш во месецот по потреба може да се извади извештај од овој систем за регистрација на картица за што пристап имаат само лицата кои се овластени.

Во службените возила забрането е пушење од страна на сите корисници, како и внесување на алкохолни пијалоци во возилото, освен за службени цели.

**Член 16**

Вработените кои го користеле службеното моторно возило пред крајот или по истекот на работното време должни се уредно да го гаражираат возилото и клучевите да ги остават во службените простории.

Доколку не се во можност тоа да го сторат истиот ден, веднаш го известуваат (на телефон или маил) Секретарот, Раководителот на одделение односно на сектор.

**Член 17**

Службените возила со кои располага Општина Велес во работно време се чуваат на службениот паркинг пред службениот влез.

**Член 18**

Службените возила со кои располага Општина Велес за потребите на Општина Велес од страна на Градоначалникот и вработените во општинската администрација можат да се користат и по завршувањето на работното време и во

неработни денови, само по претходно дадено одобрение од Градоначалникот, Секретарот, Раководител на сектор или Раководител на одделение.

**Член 19**

Непридржувањето на вработените кон одредбите од овој Правилник се смета за дисциплински престап.

Со донесувањето на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за користење и одржување на службени моторни возила бр. 01-3632/1 од 31.05.2016 година.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Велес.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

| Број на акт | СОДРЖИНА | страна |
|---|---|---|
| 220 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување)** | 818 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување)** | |
| 221 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода)** | 819 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода)** | |
| 222 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз** | 820 |
| | **ОДЛУКА за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз** | |
| 223 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор)** | 821 |
| | **О Д Л У К А за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор)** | |
| 224 | **З А К Л У Ч О К за објавување Правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес** | 822 |
| | **ПРАВИЛНИК за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес** | |
| 225 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес** | 825 |
| | **Р е ш е н и е за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес** | |

| | | |
|---|---|---|
| 226 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев “ Велес** | 826 |
| 227 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес за 2026 година** | 826 |
| 228 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Изменет Годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“, Велес** | 828 |
| 229 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Извештај –елаборат за проценета штета од природна непогода –измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес**<br><br>**З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај - елаборат за проценета штета од природна непогода-измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес** | 829 |
| 230 | **Правилник за користење и одржување на службени моторни и електрични возила** | 830 |

Издавач Општина велес , телефон 232-406, 232-966,
Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на Буџетски корисник : 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00